РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1203-113/4**

**Скопје, 22.02.2008 година**

**ДО**
**ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ – РАДОВИШ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Радовиш - Радовиш - сметка за редовно работење (во понатамошниот текст Основен суд) за 2006 година кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   - Славчо Милев – в.д.Претседател на Основен суд Радовиш од 01.01. до 22.02.2006 година,
   - Ангел Диманов - Претседател на Основен суд Радовиш од 22.02.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 03.12.2007 година до 14.12.2007 година/

.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

***10.1. Систем на интерни контроли во процесите***

**Процес на наплата, уплата и пренос на готовинските средства**

10.1.1. Основниот суд нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка на Основниот суд, како прилив по основ на надомест на трошоците за извршување, што ги уплаќа доверителот како и одливот на средства по основ на исплата на материјални трошоци согласно Законот за платен промет, поради што ревизијата констатира ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и можност од случајни или намерни грешки. Отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на уплатените и исплатените средства овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Процес на јавни набавки**

10.1.2. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на јавни набавки ревизијата констатира ризик од нефукционирање на контролни постапки во одделни сегменти од процесот, кои ќе обезбедат доследно почитување на Законот за јавни набавки како и набавка на производи и услуги по најповолни услови. Вака воспоставениот систем на интерни контроли, овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата и обезбедување на нееднаква положба на понудувачите, фер конкуренција и можност за набавки по зголемени цени.

**Процес на плаќање на фактури**

10.1.3. За процесот на прием, распоределување, проследување и контрола на примените документација (влезни фактури) не е воспоставена евиденција и не се врши нивно архивирање, спротивно на Уредбата за канцелариско и архивско работење. Воспоставениот начин на работење создава ризик од недоследно почитување на законската регулатива.

**Препорака:**
Основниот суд да превземе мерки за донесување и воспоставување интерни акти во согласност со законската регулатива кои ќе овозможат имплементирање на контролни постапки и ќе обезбедат законско, наменско, економично, ефикасно и ефективно користење на средствата.

***10.2. Неправилна примена на акти:***

10.2.1. Основниот суд нема обезбедено имотни/поседовни листи за правата на недвижностите со кои располага и управува, спротивно на член 10 став 1 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите, согласно кој ...„запишувањето на правата на недвижностите во катастарот на недвижности е задолжително....„. Поради нерегулирани имотно-правни односи, Основниот суд за евидентираните недвижности не располага со документација за доказ на сопственоста.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Основниот суд во текот на ревизијата превземени се мерки за утврдување на сопственоста и поднесено е Барање за поединечно излагање Су.бр.03-983/07 од 10.12.2007 година до Републичка геодетска управа, Одделение за премер и катастар Радовиш.

10.2.2. Основниот суд нема секретар на судот како стручно – државен службеник, спротивно на член 92 од Законот за судовите („Службен весник на Република Македонија„ бр.36/95). И покрај превземените мерки од страна на Основниот суд за вработување на секретар, истото е одобрено од страна на Судски буџетски совет во 2007 година, поради што во текот на 2006 година организацијата и координацијата на работите од доменот на судската управа, како надлежност на секретарот на судот, ја врши претседателот на судот, што влијае на ефикасноста на извршувањето на дејноста на субјектот.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Судски буџетски совет добиено е известување бр.04-69213 од 18.10.2007 година, за отпочнување на постапка за вработување на секретар на судот.

10.2.3. Основниот суд во текот на 2006 година нема служби за информатика, како посебни организациони единици, спротивно на член 91 од Законот за судовите („Службен весник на РМ,, бр.36/95). Необезбедените средства за поставување и одржување на единствената методолошка и технолошка основа на информациониот систем од страна на Министерството за правда придонесува Основниот суд да не располага со база на податоци за правосудниот и информациониот систем.

Ревизијата не дава препорака бидејќи во тек е воспоставување на информационен систем од страна на Министерство за правда врз единствена методолошка и технолошка основа за сите правосудни органи.

**10.2.4.** Основниот суд во текот на 2006 година за предметите употребени или наменети за извршување на кривично дело или што настанале со извршување на кривично дело или се добиени како награда за кривично дело, кои ќе послужат како доказ во кривичната постапката, или се пронајдени кај обвинетиот и не се знае на кого припаѓаат (сомнителни предмети), како и гаранциите во Основниот суд, не е назначено одговорно лице за нивно складирање, чување, издавање, како и не се заведуваат во книгата за одземени предмети („Кпд„ – образец бр.52), спротивно на член 247 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.09/97). Поради недоставена документација и невоспоставена евиденција, ревизијата не беше во можност да ја утврди состојбата односно вредноста на одземените предмети со кои располага судот на 31.12.2006 година, износот на продадени/уништени/вратени предмети во текот на 2006 година, оствареноит приход, со што се оневозможува следење на истите, можност од злоупотреба при управување и користење и неможност на утврдување на лична одговорност.

**Препорака:**

Да се воспостави целосна евиденција за одземените предмети на начин предвиден со член 254 од Судскиот деловникот („Службен весник на Република Македонија„ бр.71/07), примањето, чувањето, ракувањето и поништувањето (ликвидирањето) на предметите да се врши согласно одредбите во Дел петти од Судскиот деловникот, а извршувањето да е во согласност со Законот за извршување на санкциите.

10.2.5. Листата на постојани судски вештаци на Основниот суд не е ажурирана/ преоценета во последните две години. Основниот суд ангажира вештаци од постојаната листа на вештаци од 2002 година, како и надвор од неа спротивно на член 255 од Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија„ бр.15/05 - пречистен текст), согласно кој врз основа на стручноста, искуството од соодветната област, техничка опременост, угледот во професијата и други околности се определува вештак од постојаната листа на вештаци, објавена и преоценета на секои две години. Вака воспоставената пракса на ангажирање на вештаци, придонесува исплатата на средства за оваа намена да се врши спротивно на позитивната законска регулатива.

**Препорака:**
Основниот суд да состави листа на постојани вештаци, како и за судските толкувачи и преведувачи, согласно одредбата Вештаци, толкувачи и прведувачи од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.71/07).

10.2.6. Основниот суд не врши редовна исплата на обврската за персонален данок на доход по основ на надомест на трошоци од кривична и прекршочна постапка, спротивно на член 94 од Законот за персонален данок на доход – пречистен текст („Службен весник на РМ„„ бр.74/06...бр.6/07), согласно кој уплатата на данокот се врши при секој поединечно исплатен приход. Поради ненавремена и нередовна пресметка и исплата на обврската за персонален данок, ревизијата неможеше да се увери во веродостојноста на искажаните податоци по овој основ во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд пресметката и уплатата на персоналниот данок на доход да ја врши согласно позитивната законска регулатива.

10.2.7. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата утврди почетно салдо на 01.01.2006 година во износ од 2.505 илјади денари и состојба на средствата на депозитите на крајот на годината односно салдо на 31.12.2006 година во износ од 2.737 илјади денари. Приливот и одливот, наменското и законското користење на средствата во текот на годината не е утврден од следните причини:

- не е изработена завршна сметка за сметката на депозитите, спротивно на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници,
- не е воспоставена евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник,
- при приемот и исплатата на готовината од благајната не се изготвува каса прими односно каса исплати (дневни касови извештаи),
- не е назначено одговорно лице за работење со средствата на депозитите,
- не е формирана Комисија за преглед на севкупното работење на средствата за депозитите,
- не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка,

спротивно на одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Невоспоставениот начин на евидентирање на депозитите придонесува Основниот суд да не располага со податоци за утврдување на состојбата, движењата на депозитните средства и нивното законско и наменско користење.

**Препорака:**
Основниот суд да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник. Да се донесе Одлука за формирање на комисија за вонреден попис со што ќе се констатира и спроведе аналитичка евиденција на салдото на денот на пописот, а утврдените состојби да се евидентираат во сметководствената евиденција.

### *10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела*

10.3.1. Пописот на средствата, обврските и побарувањата не е извршен согласно одредбата за Попис на средствата, обврските и побарувањата од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници односно не е извршен попис на сите материјални средства со кои располага Основниот суд (службени возила) како и не е изготвен Извештај за извршениот попис од страна на пописната комисија. Поради непочитување на законската регулатива, ревизијата не беше во можност да се увери во реалноста и објективност на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Пописот на средствата, обврските и побарувањата да се врши согласно законските прописи заради усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот.

10.3.2. Основниот суд финансиските трансакции, односно признавањето на приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во текот на годината ги евидентира според пресметковно сметководство (фактурирана реализација), а на крајот на годината приходите и расходите ги сведува според начелото на парично искажување, спротивно на член 18 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Поради непримена на основното сметководственото начело на парично искажување, ревизијата не беше во можност да се увери во веродостојноста на искажаните билансни позиции.

**Препорака:**
Водењето на сметководството, составувањето и поднесувањето на финансиските извештаи да се врши во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со цел за точно, вистинито, сигурно, благовремено, ажурно и поединечно искажување на билансните позиции.

10.3.3. Книгата на благајна како задолжителна деловната книга не се води во согласност со одредбите на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, прифатената сметководствена пракса и сметководствените стандарди (благајничките извештаи не се изработуваат навремено и ажурно при секоја промена на паричните средства во благајната и не се потпишани од овластено лице). Непримената на законската регулатива оневозможува согледување на состојбата и движењето на

средствата, приходите и другите приливи како и расходите и другите одливи во благајната.

**Препорака:**
Надлежните органи да пропишат политики и донесат интерни акти за навремено евидентирање на готовинскиот промет на паричните средства.

10.3.4. Во текот на ревизијата беа доставени конфирмации за усогласување за обврските искажани во финансикиte извештаи. Од вкупно испратените конфирмации за усогласување за обврските добиени се 67%, од кои 25% се усогласени, додека 75% не се усогласени со евиденцијата на Основниот суд. Поради нискиот процент на усогласеност, ревизијата не ја потврдува реалноста и објективноста на искажаните обврски во финансиските извештаи.

**Препорака:**
Основниот суд да врши усогласување на обврските најмалку еднаш годишно.

### *10.4. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки*

При ревизија на јавните набавки се утврди следното:

- Планот за јавни набавки Су бр.03-231/06-1 од 28.03.2006 година, е донесен со задоцнување спротивно на член 11 став 2 од Законот за јавни набавки согласно кој …Планот .....до крајот на јануари од тековната година го донесува лицето кое е овластено, односно органот кој е надлежен да одлучува за распоредувањето и користењето на средствата на набавувачот согласно со закон.....
- Донесениот план за јавни набавки не ја содржи планираната количина на набавка во текот на годината по видови на стоки, услуги и работи, динамиката на реализација на набавките, спротивно на член 11 од Законот за јавни набавки и член 2 од Правилникот за формата и содржината на годишниот план за јавните набавки.
- Превземени се обврски за набавка на стоки и услуги без спроведена постапка за јавна набавка од мала вредност во согласност со Законот за јавни набавки во износ од 438 илјади денари.

Непочитувањето на одредбите од Законот за јавни набавки придонесува примена на необјективни критериуми за избор на најповолен добавувач, нетранспарентност при склучувањето на договорите, повластена положба на одредени добавувачи и можност за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**
Спроведувањето на набавките да се врши во согласност со Законот за јавни набавки.

11.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.2.6, 10.3.1. и 10.3.2, финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Радовиш - Радовиш - сметка за редовно работење на ден 31 Декември 2006 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласносо важечката законска регулатива.

12.Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 10.1. до 11.4. кај Основен суд Радовиш - Радовиш - сметка за редовно работење не

е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

13. Во тек се судски постапки чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Основниот суд, во кои тужена страна е Основниот суд и тоа по основ на 2 работни спорови за кои во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

14. Ревизијата има за обврска да обелодени дека:

- средствата за надомест за трошоците за сведоци, вештаци, преведувачи, толкувачи и стручни лица, како и трошоци на увидот во кривична и прекршочна постапка во Основните судови во Република Македонија, се исплаќаат според Правилникот за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка и постапката за стопански престапи (Службен весник на СРМ 11/1988 година), донесен врз основа на Закон за редовните судови, кој закон престанува да важи со донесувањето на Законот за судови во 1995 година. Исплатата на средствата кои претставуваат државни расходи се врши врз основа на законски и подзаконски акти кои се вон сила, поради тоа што министерот за правда нема донесено поблиски прописи за надомест на трошоците на кривична постапка, (кои важат и за прекршочна постапка), ниту акт за критериуми за видот, висината и надоместокот за вештачењето, согласно член 96 од Законот за кривична постапка (Службен весник на РМ 15/2005 година, пречистен текст);

- Основните судови согласно член 328 од Судскиот Деловник имаат обврска да водат евиденција на наплатените парични казни. Согласно правосилните пресуди за изречените парични казни судот доставува покана на осуденото лице во рок определен со одлуката да ја плати паричната казна, а за тоа да го извести судот. Уплатата на паричните казни (кои како јавни приходи се приход на Буџетот на Република Македонија) се врши на уплатна сметка во рамките на трезорската сметка односно директно на Буџет на Република Македонија (согласно Упатството за начинот на евидентирање, располагање и поврат на јавните приходи).
  Доколку лицето ја изврши уплатата, а за тоа не го извести Основниот суд, судот нема информација/евиденција дека истата е наплатена, поради што судот доставува до осуденото лице Опомена за плаќање на парична казна, а потоа пристапува кон присилна наплата согласно член 2 став 4 од Законот за извршување, односно доставува Барање до Јавното Правобранителство на Република Македонија за превземање мерки за извршување.
  Доколку лицето достави доказ до Извршителот дека долгот е платен пред поднесувањето на Барањето за извршување, судот е во обврска да ги надомести трошоците на извршителот за цена на администрирање на предметот.
  Поради горенаведената некоординираност помеѓу Министерство за финансии и судовите за наплатените јавни приходи, има за последица:
  а) немање целосна евиденција за наплатени парични казни во Основните судови,
  б) поведување на постапки за присилна наплата во определен број случаи (за веќе наплатените казни) кои за краен ефект имаат зголемени трошоци на судовите кои не се предвидени во нивните буџети,
  в) дополнителните работи го одлагаат навременото постапување по други предмети.
  Ревизијата смета дека Основните судовите во соработка со Министерство за правда и Министерство за финансии треба да превземат иницијатива за воспоставување на процедури за поврат на информации до судовите за наплатените парични казни, а налогот за уплата на јавни приходи (Образец ПП 50)

да содржи елементи во кои видно ќе стои бројот на предметот и Основниот суд по кој е извршена наплатата.

- Согласно Договор број 03-2740 од 23.06.1999 година склучен помеѓу Министерството за правда и Автомото сојуз на Македонија за превземање, присобирање и чување на моторните возила и нивните делови кои привремено или конечно се одземени од судовите, нивната евиденција, продажба и распределба на приходите добиени од таа продажба, во член 24 од договорот е наведено дека средствата остварени од продажба на возилата се распределуваат и тоа: 22% му припаѓаат на Автомото сојуз на Македонија на име надомест за вршење на работи на превземање, присобирање, чување и продажба на моторни и приклучни возила и нивни делови, а остатокот од средствата се распоредуваат на начин утврден по налог на Министерот за правда.

  Ревизијата смета дека договорот е склучен спротивно на законската регулатива од следните причини:
  - имено, согласно глава XXIV Одземање на предмети и член 260 од Законот за извршување на санкции („Службен весник на Република Македонија„ бр.03/97), ......„парите добиени од продажба на одземените предмети во постапката за извршување на мерката на безбедност се внесуваат во Буџетот на Република Македонија„......
  - во член 313 и 314 од Судскиот деловник („Службен весник на Република Македонија„ бр.09/97) е наведено дека пред да се донесе одлука за чување на предметот кај некој друг орган, судот ќе побара предлагачот на судската постапка да вложи аванс за покривање на трошоците за чување.

**Скопје, 12.02.2008 година** **Овластен државен ревизор**

**Основен суд Радовиш - Радовиш**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006 година**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2006** | **2005** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 20,645 | 18,506 |
| **Вкупно приходи** | **20,645** | **18,506** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 18,628 | 16,017 |
| Резерви и недефинирани расходи | 15 | 0 |
| Стоки и услуги | 1,823 | 2,463 |
| Субвенции и трансфери | 27 | 26 |
| **Вкупно тековни расходи** | **20,493** | **18,506** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 152 | 0 |
| **Вкупно капитални расходи** | **152** | **0** |
| **Вкупно расходи** | **20,645** | **18,506** |

**Основен суд Радовиш - Радовиш**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2006 | 2005 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 1,418 | 1,509 |
| **Вкупно тековни средства** | **1,418** | **1,509** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 1,235 | 1,633 |
| **Вкупно постојани средства** | **1,235** | **1,633** |
| **Вкупна актива** | **2,653** | **3,142** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 91 | 52 |
| Обврски спрема државата и други институции | 0 | 52 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1,324 | 1,405 |
| Пасивни временски разграничувања | 3 | 0 |
| **Вкупно тековни обврски** | **1,418** | **1,509** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 1,235 | 1,633 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **1,235** | **1,633** |
| **Вкупна пасива** | **2,653** | **3,142** |

**Основен суд Радовиш - Радовиш**

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Вкупно |
|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **1,633** | **1,633** |
| **Зголемување по основ на:** | **143** | **143** |
| Набавки | 143 | **143** |
| **Намалување по основ на:** | **541** | **541** |
| Амортизација | 541 | **541** |
| Расход по попис | **-** | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **1,235** | **1,235** |